09.03.2017г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Илина Арсова за прилогот со наслов "Екологистите со низа навреди и небулозни тврдења во етерот", објавен на 27.12.2016 година, на Интернет порталот Охрид 1 (www.ohrid1.com)**

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Текстот е професионален, етички и испочитувани се професионалните стандарди**

**Комисијата за жалби ја издава следнава ПРЕПОРАКА: Интернет порталот Охрид 1 (www.ohrid1.com) стриктно да ги следи жанровските правила при создавањето на медиумските производи и јасно и недвосмислено да ги одвои рубриките ИНФОРМАТИВНИТЕ, АНАЛИТИЧКИТЕ и ЕДУКАТИВНИТЕ содржини...**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 28.12.2016 година, Илина Арсова поднесе жалба за прилогот со наслов "Екологистите со низа навреди и небулозни тврдења во етерот", објавен на 27.12.2016 година, на Интернет порталот Охрид 1 (www.ohrid1.com).

Во жалбата се наведува дека во објавениот текст има елементи на навреда и неосновано обвинување, како и повеќекратно манифестирање омраза кон одредени групи, поточно екологисти и лично кон жалителката. Во образложението на жалбата се вели дека се објавени невистини и неаргументирани, фактички неподдржни информации, како и дека не се опфатени изјавите на најмалку две засегнати страни. Арсова вели дека во спорниот текст е наведено дека таа одбила да даде изјава за уредничката на порталот, од која, како штотврди, воопшто не била контактирана. Дополнува и дека аргументите кои биле изнесени во емисијата "Мој термин" на 24 Вести телевизија на 26.12.2016 година, а кои биле црпени од закони и лични искуства на мештаните од Лагадин, се наречени небулози.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Охрид 1 и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од Мегастар продукција, издавач на Охрид 1, испратија одговор на наводите на жалителката.

Во одговорот се вели дека целосно ја отфрлаат жалба на Илина Арсова како неоснована и паушална и оценуваат дека има само една функција – продолжување на ширење лаги и невистини за темите кои Арсова ги отворила за јавноста, а за кои освен лаги, паушални оцени и навреди до целото население и аудиториумот во Охрид, не содржат ни еден вистинит збор и факт. Се додава дека во веста која ја објавиле на порталот Охрид 1, а за која се жали Арсова, биле пренесени само лаги кои таа ги изнела во етерот, злоупотребувајќи термин на национална телевизија. Оттука, од Охрид 1 сметаат дека не постои основа Арсова да се жали за пренесените нејзини зборови кои, како што велат, се лаги искажани од неа самата. Од порталот наведуваат дека ништо повеќе од тоа што Арсова сама го кажала

не е пренесено во јавноста и дека најпрофесионално се држеле до начелото на пренесување на вистината, а како поткрепа во самата вест објавиле делови од изјавите на Арсова во кои што, како што сметаат, биле изнесувани небулози, лаги и измислици. Во однос на тврдењето на Арсова дека од неа не била побарана изјава, од Охрид 1 одговорија дека уредничката Весна Баштованска, во текот на целиот ден, се обидувала телефонски да стапи во контакт со Арсова, но таа јасно ставила до знаење дека немала намера да дава изјави, притоа изнесувајќи и други коментари од навредлива природа. После ова, новинарката писмено се обратила до Охрид СОС, од каде што побарале став и одговор на конкретни прашања, но и по 12 часа не им било одговорено, по што ги објавиле видео - изјавите на Арсова за кои од Охрид 1 тврдат дека се лаги и паушално - конфузни констатации.

Откако Охрид 1 го достави одговорот, Комисијата за жалби, поради разјаснување на околностите, им наложи на страните да достават дополнителни докази, со јасни насоки за утврдување на новинарската постапка за прибирање и систематизирање на информациите во однос на контактирањето на засегната страна. Од Охрид 1 одговорија дека во претходното обраќање ги доставиле своите одговори.

Во својот дополнителен одговор, Арсова напиша: “Во однос на мојата комуникација со г-ѓа Баштованска, во прилог испраќам архива на разговори од 26 декември кога беше објавена веста . Имено, тој ден бев контактирана од повеќе новинари , на кои им препратив контакти од луѓето кои во моментот беа физички присутни во Лагадин и во можност да дадат изјава, а на други, пак, писмено им одговорив. За жал, пребарувајќи по архивата нејзиниот број не го сретнав на листата, каде што има само еден непознат број кој примил повик од мене … **На г-ѓа Баштованска за кусо време ѝ беше одговорено преку ФБ страницата на Охрид SOS, каде што поради претходни слични искуства со непрофесионален пристап, неинтегрално пренесување и извртување на информации, како и бесрамно пласирање невистини и измислици од страна на овој „медиум“, групата одби да даде коментар”.**

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е НЕОСНОВАНА.

***

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

При своето одлучување Комисијата ги зеде предвид и:

**Пресудите на Европскиот суд за човекови права Lingens v. Austria, 1986, § 42.,Thoma v. Luxembourg, 2001, § 48., Prager and Oberschlick v. Austria, 1995, § 38., Observer and Guardian v. the United Kingdom, 1991, § 60., Jersild v. Denmark, 1994, § 35.**

Како што наведе Судот во еден од своите најрани случаи Lingens v. Austria, 1986, во цитатот што оттогаш често се повторува: **„Слободата на печатот понатаму ѝ го овозможува на јавноста еден од најдобрите начини за откривање и за формирање мислење за идеите и за ставовите на политичките лидери“.**

Како резултат на тоа, Судот е подготвен да одобри голем степен на заштита за медиумските активности, според член 10:

**Во случаи што се однесуваат на печатот, националното поле на слободна процена е ограничено со интересот на демократското општество да обезбеди и да одржува слободен печат. Исто така, тој интерес значително ќе преовладува во рамнотежата при одлучувањето, кое мора да се направи според став 2 од член 10, во смисла дали ограничувањето е пропорционално на легитимната цел кон која се тежнее.(Thoma v. Luxembourg, 2001)**

Постојат многубројни различни аспекти на оваа поголема заштита. Прво, на медиумите им е дозволено, барем во некои контексти, да користат силни зборови кога известуваат:
**Новинарската слобода вклучува и можно искажување гледиште до степен на претерување, па дури и провокација.(Prager and Oberschlick v. Austria, 1995)**

Второ, потребата на медиумите да ги објават вестите навреме треба да се земе предвид кога се прави рамнотежа меѓу неа и интересите на спротивната страна:

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**Вестите се производ со ограничен рок на траење и одложувањето на нивното објавување, дури и за краток период, може да им ги одземе севкупната вредност и интересот.(Observer and Guardian v. the United Kingdom, 1991)**

На крајот, медиумите не може да бидат задолжително одговорни за изјави што ги дале други луѓе, чие ширење тие го помогнале. Иако тие може да понесат одредена одговорност, на пример, ако прифаќаат или одобруваат изјави, општо гледано, не е оправдано тие да се сметаат за одговорни за изјави на други:

**Казнувањето новинар за помагање при ширење изјави што ги дало друго лице во интервју сериозно би го попречило придонесот на печатот кон расправата за прашања од јавен интерес и не би требало да се предвиди, освен ако за тоа не постојат особено силни причини.(Jersild v. Denmark, 1994.)**

**Член 16 од Уставот на РМ во кој се вели дека:**

Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.
Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.
Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.
Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање.
Цензурата е забранета.

***

На седницата на 23.01.2017 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителката, одговорот од Мегастар продукција и направи увид во наведениот телевизиски прилог и текст. Најпрво , Комисијата констатираше дека таа не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во текстот

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

и жалбата. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионални стандарди при создавањето на новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата констатираа дека Илина Арсова изнела низа свои критички ставови во емисијата "Мој термин" на 24 Вести телевизија, на 26.12.2016 година, за изградба на хотел во Лагадин. Поради овој факт, Комисијата најде дека Илина Арсова, кога прифатила да биде гостин во телевизиска емисија, била свесна дека ќе учествува во креирањето на јавното мислење и дека понатаму таа и нејзината организација ќе бидат дел од општествена и медиумска дебата, а во однос на настапот и на искажаното и на јавна критика, од која не се исклучени новинарите и медиумите.

Оттука, Комисијата најде дека, исто како и самата Арсова, и медиумот има слобода и право да се вклучи во јавната дебата по повод активностите на невладината организација и на жалителката, па токму оттука прозлегува легитимната цел на новинарот да искаже свои ставови и јавно да испорача прашања, како дел од дебатата за јавниот интерес.

Комисијата најде дека во оспорениот медиумски производ нема елементи на говор на омраза, но дека има употреба на "поостри зборови" кои не можат да се окарактеризираат како навредливи, бидејќи сепак "новинарската слобода вклучува и можно искажување гледиште до степен на претерување, па дури и провокација", се' со цел поттикнување јавна дебата за конкретниот проблем.

Видно од реченицата **"На г-ѓа Баштованска за кусо време ѝ беше одговорено преку ФБ страницата на Охрид SOS, каде што поради претходни слични искуства со непрофесионален пристап, неинтегрално пренесување и извртување на информации, како и бесрамно пласирање невистини и измислици од страна на овој „медиум", групата одби да даде коментар."**, а во однос на барањето на одговор од втората страна, членовите на Комисијата најдоа дека медиумот, сепак, се обидел да контактира со засегнатите страни. Но, притоа групата одбила да даде коментар на медиумот и одговориле на ФБ страницата на Охрид SOS, не земајќи го предвид фактот дека **"вестите се производ со ограничен рок на траење и одложувањето на нивното објавување, дури и за краток период, може да им ги одземе севкупната вредност и интересот"**.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Поради тоа што медиумот го објавил и интервјуто на Арсова, членовите на Комисијата најдоа дека нема елементи за изрекување морално-етичка санкција кон овој интернет портал **, бидејќи на тој начин помогнал при ширење изјави што ги дало друго лице во интервју, а доколку би имало санкција тоа сериозно би го попречило придонесот на печатот кон расправата за прашања од јавен интерес .**

Поради тоа што обжалениот медумски производ има измешано повеќе жанровски карактеристики и поради тоа не може да се утврди конкретен жанр , Комисијата за жалби ја издава следнава ПРЕПОРАКА: Интернет порталот Охрид 1 (www.ohrid1.com) стриктно да ги следи жанровските правила при создавањето на медиумските производи и јасно и недвосмислено да ги одвои рубриките од ИНФОРМАТИВНИТЕ, АНАЛИТИЧКИТЕ и ЕДУКАТИВНИТЕ содржини...

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Беким Ајдини, Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири.

**Се обврзува Интернет порталот Охрид 1 (www.ohrid1.com), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595